Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), а во врска со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година со арх.бр.25-5958/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25) и Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година со арх.бр.25-5958/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25), согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година.

**Член 2**

Во член 10 став 1, алинеја 2, после зборот „градоначалникот“ точката се брише и се додава текстот: „и согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година“ и во член 10 став 1 алинеја 3 после зборот „дополнувања“ точката се брише и се додава текстот „и согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година“

**Член 3**

Во член 15, текстот: „во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен“, се менува и гласи: „во висина од 2 основици од плата“.

Останатиот дел од овој член останува непроменет.

**Член 4**

Во член 16, текстот „двократен износ на просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата“, се менува и гласи „ во висина од 2 основици од плата“.

Останатиот дел од овој член останува непроменет.

**Член 5**

Во членот 17 текстот: „Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Средствата се планираат Програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 Разни трансфери – 464 940 – Трансфери при пензионирање“ се менува и гласи:

„Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува отпремнина во износ во висина од 2 основици од плата пресметани врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година.

Средствата се планираат Програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 Разни трансфери – 464 940 – Трансфери при пензионирање“

**Член 6**

Во член 18 став 1 текстот: „согласно Колективен договор за вработените во Општина Велес бр.08/177-1 од 12.01.2022 година, Договор за измени на Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/2 од 31.03.2022 година и Договор за измени на Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/3 од 25.11.2022 година“, се брише и се заменува со следниот текст: „согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година“.

Став 2 од истиот член се брише.

Ставот 3 станува став 2.

**Член 7**

По влегувањето во сила на оваа Одлука, Комисијата за статут и прописи ќе изготви Пречистен текст на истата и ќе се објави во Службен гласник на Општина Велес.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/2
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.163**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (за лекување на Ангела Builder Ончева)

Се објавува Решението за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (за лекување на Ангела Ончева), што Советот на Општина Велес го донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/3
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 19/25) и член 5 став 1 алинеја 3 и член 8 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 02/26 и 04/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (за лекување на Ангела Ончева)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година во висина од 35.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Ангела Ончева за лекување.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/3
28.05.2026 година
Велес

Претседател на
Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.164**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (за лекување на Дејан Панов)**

Се објавува Решението за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (за лекување на Дејан Панов), што Советот на Општина Велес го донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/4
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 19/25) и член 5 став 1 алинеја 3 и член 8 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 02/26 и 04/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (за лекување на Дејан Панов)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година во висина од 35.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Дејан Панов за лекување.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/4
28.05.2026 година
Велес

Претседател на
Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.165**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (пожар)**

Се објавува Решението за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година (пожар), што Советот на Општина Велес го донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/5
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 19/25) и член 5 став 1 алинеја 2 и член 7 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 02/26 и 04/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од**
**Буџетот на Општина Велес за 2025 година (пожар)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година во висина од 30.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Марјан Севдинов за пожар на семејна куќа.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/5
28.05.2026 година
Велес

Претседател на
Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.166**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/6
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/6
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на 28.05.2026 година ја донесе следната

## ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување
## на Програмата за активностите на Општина Велес
## во областа на спортот во 2026 година

1. Со оваа Програма се врши следното изменување и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25 и 18/25):

Во точка 1. „СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ” потточка 1.16. називот „Поддршка за организација на атлетска трка „Трчаме за Рацин“ се менува и гласи:

„Атлетска трка „Трчаме за Рацин“ во организација на Атлетска федерација на Северна Македонија“

**2.** Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 09-2585/6
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.167**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/7
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/7
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Фестивалот.

**Член 2**

Советот на Општина Велес со решение формира Организациски одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Организацискиот одбор брои 5 (пет) членови и тоа претседател и 4 (четири) членови по предлог на културно-уметничките друштва и фолклорни ансамбли од градот.

Мандатот на Организацискиот одбор е четири години од денот на именувањето.

**Член 3**

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес се одржува секоја година во последната седмица од јуни или првата седмица од јули во траење од најмалку 4 фестивалски вечери.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука од Организацискиот одбор поради елементарна непогода или виша сила.

**Член 4**

Организацискиот одбор изготвува Програма за одржување на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес со утврден број на ансамбли, распоред на настапите, рокови и финансиска конструкција согласно финансиските средста за тековната година планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Програмата мора да оди во прилог на:

1.Развивање на меѓународните контакти од областа на негувањето на фолклорот и традицијата.

2.Афирмирање на македонските културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

3.Афирмирање на достигнувањата на велешките културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

4.Афирмирање на вредностите на фолклорот на гостите од странство.

За реализирање на Програмата Организацискиот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата во Република Северна Македонија и странство;
- Фолклорни фестивали и манифестации од Република Северна Македонија и странство;
- Здруженија и асоцијации што го негуваат фолклорот и традицијата од Република Северна Македонија и странство;
- Државни органи и институции во Република Северна Македонија;
- Други установи од интерес за успешна реализација на Фестивалот.

**Член 5**

Организацискиот одбор врз основа на финансиската конструкција на Програмата донесува Одлука за исплата на хонорари и надоместоци за ангажирани лица, патни трошоци и друго.

**Член 6**

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес е од ревијален карактер и не се доделуваат награди.

Сите учесници на Фестивалот добиваат диплома за учество.

**Член 7**

Организацискиот одбор најдоцна до мај во тековната година ги соопштува имињата на ансамблите учесници на Фестивалот.

**Член 8**

Членовите на Организацискиот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседател - 21.000 денари;
- член (поединечно) -15.000,00 денари.

**Член 9**

Во текот на организирањето и реализирањето на Фестивалот, Организацискиот одбор соработува со Одделението за јавни дејности и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршување на Фестивалот Организацискиот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 10**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат: „Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/06); Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/17) и Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.11/18)“.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/7
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.168**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес за време на одржување на спортска манифестација „Спортски игри Велес 2026“**

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес за време на одржување на спортска манифестација „Спортски игри Велес 2026“, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/8
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес за време на одржување на спортска манифестација „Спортски игри Велес 2026“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното врме на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Велес, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 04.06.2026 година до 06.06.2026 година (четврток, петок и сабота) по повод одржувањето на спортската манифестација „Спортски игри Велес 2026“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/8
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.169**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

# З А К Л У Ч О К
## за објавување Одлука за прифаќање донација од Дематели Инвест Груп и Дематели Архитектс ДООЕЛ Велес

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Дематели Инвест Груп и Дематели Архитектс ДООЕЛ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/9
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година донесе,

# О Д Л У К А
## за прифаќање донација од ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателите на донација ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес

Донацијата се состои од:

Проектна документација за потребите на Општина Велес за подобрување на инфраструктурниот развој во рамки на Блок 40-ДУП за Индустриска зона-Локалитет 1,односно изработка и отстапување на проектна документација за:

-Новопроектирана улица 2
-Новопроектирана улица 3

**Член 2**

Проектната документација е изработена согласно понуда од ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО Скопје и истата е поделена во два дела и тоа:

1.Дел 1–Градежна фаза со вкупен износ за изработка на проекти од 141.600,00 денари со вклучен ДДВ и

2.Дел 2-Фази:

Водоводна мрежа
Фекална каализација
Атмосферска канализација
Електротехника
Ревизија на сите фази

со вкупен износ за изработка на проекти од 257.830,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност на донацијата изнесува 399.430,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како прималел и ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес како даватели на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/9
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.170**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање донација од Вертекс Архитектура ДОО Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Вертекс Архитектура ДОО Скопје, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/10
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година донесе,

# О Д Л У К А
# за прифаќање донација од
# Вертекс Архитектура ДОО Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација Вертекс Архитектура ДОО Скопје.

Донацијата се состои од:

- Проектна документација за Основен проект за партерно уредување со реконструкција и поставување на урбана опрема на простор околу Општина Велес, на КП бр.1766 и дел од КП бр.1767 и дел од КП бр.1765.

Вредноста на донацијата изнесува 1.000.000,00 денари.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и Вертекс Архитектура ДОО Скопје како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/10
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.171**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање донација од Ротари Клуб Велес**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Ротари Клуб Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/11
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година донесе,

# О Д Л У К А
# за прифаќање донација од Ротари Клуб Велес

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација Ротари Клуб Велес.

Донацијата се состои од:

- набавка и поставување на трепкачки ката диоптри на 11 пешачки премини на локации определени во координација со Општина Велес, Одделение за комунални работи и сообраќај.

Вредноста на донацијата изнесува 110.000 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и Ротари Клуб Велес како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/11
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.172**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање донација од ТРГОШПЕД ТРАНС ДОО Велес**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од ТРГОШПЕД ТРАНС ДОО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/12
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година донесе,

## О Д Л У К Аза прифаќање донација од ТРГОШПЕД ТРАНС ДОО Велес

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација ТРГОШПЕД ТРАНС ДОО Велес.

Донацијата се состои од:

- од транспорт на 5 палети роба на релација Германија - Велес за потребите на Општина Велес.

Вредноста на донацијата изнесува 700 евра односно 43.050,оо денари без вклучен ДДВ.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и ТРГОШПЕД ТРАНС ДОО Велес како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/12
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес

Даниел Јаневски с.р.

**Бр.173**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање на донација за користени лаптопи, докинг станици, десктоп компјутери, монитори и кабли за напојување од „ЕРТ“ Германија**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација за користени лаптопи, докинг станици, десктоп компјутери, монитори и кабли за напојување од „ЕРТ“ Германија, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/13
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став 1 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација за користени лаптопи, докинг станици, десктоп компјутери, монитори и кабли за напојување од „ЕРТ“ Германија**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација „ЕРТ“ Германија.

Донацијата е со следните карактеристики:

| Опис | Тарифна ознака | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| Лаптоп | 84713000 | 116 | 5.930,00 € |
| Докинг станици | 84733080 | 153 | 725,00 € |
| Десктоп компјутер | 84714100 | 156 | 7.980,00 € |
| Монитор | 85285291 | 25 | 500,00 € |
| Кабел за напојување | 85444290 | 296 | 760,00 € |
| | | **Вкупна вредност:** | **15.895,00 €** |

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како прималел и „ЕРТ“ Германија како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/13
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.174**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

# З А К Л У Ч О К
## за објавување Одлука за донација на сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес

Се објавува Одлуката за донација на сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Број 08-2586/14 | Градоначалник |
| 28.05.2026 година | на Општина Велес |
| Велес | Марко Колев с.р. |

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6, 7 и 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за донација на сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес

### Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес донира сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) на на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес.

Донацијата се состои од:

- сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори), односно латерни и тоа возачка латерна со големина Ф300-вкупно 10 вертикални и хоризонтални и пешачки латерни со големина вертикални Ф200- вкупно 8 и бројчаници 4.

**Член 2**

За донацијата на сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) ќе биде изготвен Записник и склучен Договор помеѓу ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес како примател на донацијата и Градоначалникот на Општина Велес како давател на донација согласно Законот за донација и спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Овој Договор за донација се склучува со цел семафорите да послужи како нагледно средство во спроведување на настава во сообраќајната струка во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/14
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.175**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.14056 во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.14056 во КО Велес,

што Советот на Општина Велес ја донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Број 08-2586/15 | Градоначалник |
| 28.05.2026 година | на Општина Велес |
| Велес | Марко Колев с.р. |

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија бр.162/12) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.14056 во КО Велес**

### **Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Велес со намена А1 (станбена куќа) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.14056 за КО Велес

### **Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/15
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.176**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Решението за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година.

Број 08-2586/16
28.05.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 22-а став 1 алинеја 4 и 5 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25 и 18/25),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2026 година

1. Со ова решение се врши распределба на средствата од Буџетот на Општина Велес на спортските клубови и спортисти од општината, согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година, дел 3. Поддршка на спортот во градот, реден број 3.1.Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти, за што се предвидени средства во висина од 2.000.000,00 денари и реден број 3.2.Поддршка на младински екипи – надоместок за користење на спортски објекти за што се предвидени средства во висина од 600.000,00 денари.

Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

-Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти,

| Ред.бр. | Име на спортската организација Сениорски екипи | МКД | Трансфер на средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Фудбалски клуб „БОРЕЦ 1919" | 70 000<br>50 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес<br>сметка на клубот |
| 2 | Женски фудбалски клуб „БОРЕЦ" | 80 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 3 | Фудбалски клуб „ПРЕВАЛЕЦ" | 120 000 | Сметка на клубот |
| 4 | Фудбалски клуб „МЛАДОСТ" | 30 000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 5 | Фудбалски клуб „ФОРЦА НОВА" | 30 000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 6 | ФК „ТОПОЛКА“ | 70 000 | Сметка на клубот |
| 7 | Фудбалски клуб „ГОРСКИ" | 30 000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 8 | ГОК „Борец“ | 160 000<br>65 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес<br>Трансфер – ООУ „Блаже Конески“ Велес |
| 9 | Кошаркарски клуб „БОРЕЦ БАСКЕТ“ | 110 000<br>115 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес<br>ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес |
| 10 | ВК НОВА БАЈК | 25 000 | Сметка на клубот |
| 11 | ГОК „Борец“ жени | 40 000 | ООУ „Блаже Конески“ Велес |
| 12 | Кајакарски клуб „ВИЛА ЗОРА“ | 15 000 | Сметка на клубот |
| 13 | „КАЈАК КЛУБ БАБУНА“ | 70 000 | Сметка на клубот |
| 14 | Кајакарски кану клуб „ВАРДАР“ | 75 000 | Сметка на клубот |
| 15 | Кајакарски кану клуб „ГЕМИЏИИ“ | 20 000 | Сметка на клубот |
| 16 | Кајакарски кану клуб „АРКА БОРЕЦ“ | 60 000 | Сметка на клубот |
| 17 | Карате клуб „ГЛАДИЈАТОР“ | 30 000 | ООУ „Васил Главинов” Велес |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Карате клуб „БУДО“ | 20 000 | Сметка на клубот |
| 19 | Клуб за бразилско Џиу Џицу „БУДО” | 50 000 | Сметка на клубот |
| 20 | Кик бокс клуб „БУДО” | 20 000 | Сметка на клубот |
| 21 | Здружение на спортски риболовци „БАБУНА” | 25 000 | Сметка на клубот |
| 22 | Здружение на спортски риболовци „КРКУШКА” | 20 000 | Сметка на клубот |
| 23 | Тениски клуб „БОРЕЦ” | 20 000 | Сметка на клубот |
| 24 | Мото Клуб „МОТО ВЕЛЕС” | 40 000 | Сметка на клубот |
| 25 | КМФ КЕГИ МОБИЛ | 80 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 26 | Атлетски клуб „БОРЕЦ” | 35 000 | Сметка на клубот |
| 27 | Боречки клуб „БОРЕЦ” | 40 000<br>30 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес<br>Сметка на клубот |
| 28 | Боксерски клуб „Борец” | 20 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 29 | Пингпонгарски клуб „Борец Тим” | 30 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 30 | Пингпонгарски клуб „Патриот Галакси” | 20 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 31 | Младински велосипедски клуб „Велес” | 85 000 | Сметка на клубот |
| 32 | Стрелачки клуб „ВЕЛЕС” | 85 000 | Сметка на клубот |
| 33 | ЗСР „Клуб 28” | 25 000 | Сметка на клубот |
| 34 | Сојуз на спортови Велес | 70 000 | Сметка на сојузот |
| 35 | Женски одбојкарски клуб „ВИОЛА ВОЛЕЈ“ | 20 000 | Сметка на клубот |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно** | | **2.000.000,00** | |

- Поддршка на младински екипи – надоместок за користење на спортски објекти

| **Ред. број** | **Име на спортската организација Младински и кадетски екипи** | **МКД** | **Трансфер на средства** |
|---|---|---|---|
| 1 | ГОК „Борец” Жени | 30.000 | ООУ „Блаже Конески“ Велес |
| 2 | ГОК „Борец“ | 40.000 | ООУ „Васил Главинов” Велес |
| 3 | Карате клуб ГЛАДИЈАТОР | 30.000 | ООУ ,,Васил Главинов” Велес |
| 4 | Академија Нацев - фудбал | 25 000 | Сметка на клубот |
| 5 | Женски одбојкарски клуб „Виола“ | 25 000 | Сметка на клубот |
| 6 | Кошаркарски клуб „БОРЕЦ БАСКЕТ“ | 40.000 | ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ |
| 7 | Кик Бокс Клуб БУДО | 5 000 | Сметка на клубот |
| 8 | Тениски клуб Борец | 40.000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 9 | МВК Велес | 40.000 | Сметка на клубот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | Кајакарски клуб „ВИЛА ЗОРА“ | 10 000 | Сметка на клубот |
| 11 | „КАЈАК КЛУБ БАБУНА“ | 30.000 | Сметка на клубот |
| 12 | Кајакарски кану клуб „ВАРДАР“ | 30.000 | Сметка на клубот |
| 13 | Кајакарски кану клуб „ГЕМИЏИИ“ | 25 000 | Сметка на клубот |
| 14 | Стрелачки клуб „Велес“ | 40.000 | Сметка на клубот |
| 15 | Кајакарски кану клуб „АРКА БОРЕЦ“ | 30.000 | Сметка на клубот |
| 16 | Здружение на спортски риболовци „БАБУНА“ | 20 000 | Сметка на клубот |
| 17 | Боречки клуб „Борец“ | 25 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 18 | Фудбалски клуб ,,БОРЕЦ ЈУНИОР” | 35 000 | ЈП Парк-спорт и Паркинзи Велес |
| 19 | Здружение на спортски риболовци ,,ПРОФЕСИОНАЛ ТИМ” | 20 000 | Сметка на клубот |
| 20 | ФК „ТОПОЛКА“ | 20 000 | Сметка на клубот |
| 21 | Фудбалски клуб „БОРЕЦ 1919“ | 20 000 | Сметка на клубот |
| 22 | ЗСР „КЛУБ 28“ | 10 000 | Сметка на клубот |
| 23 | ВК Нова Бајк | 10 000 | Сметка на клубот |
| **Вкупно** | | **600.000,00** | |

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/16
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.177**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај (квартален) за финансиското работење на ЗЈП Стационар – Шепа Кавадарци за период од 01.01.2026 – 31.03.2026 година**

За враќање на работа со истек на неплатеното отсуство односно престанок на причините за мирување на работниот однос,вработениот е должен да го извести работодавачот со писмено барање во рок од 3 дена пред престанок на неплатеното отсуство.

**Должност за извршување на работата и работните задачи**

**Член 22**

Вработените во Општината може да се распоредат да извршуваат работни задачи кои не се во описот на нивното работно место согласно актот за систематизација на работни места.

Непосредно претпоставениот раководител, секретарот и градоначалникот може на вработените во Општината да определат да извршуваат други работи и работни задачи кои не се во описот на неговото работно место со писмено овластување или работен налог.

**IV. Плата, надоместоци на плата и други примања**

**Плата**

**Член 23**

Вработените во Општината за својата работа имаат право на плата, согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи,Законот за пожарникарство,Закон за приверемени вработувања, другите посебни закони, Општиот колективен договор за јавен сектор и согласно овој колективен договор

Вработениот има право на плата, надоместоци и додатоци на плата под услови и критериуми утврдени во законите од став 1, освен ако со посебен закон и со овој колективен договор не е поинаку утврдено.

**Член 24**

На вработените во Општина Велес им се обезбедува додаток на плата, изразен во бодови пресметани согласно порастот на минималната плата, кој додаток се усогласува на следниот начин:

| Додаток на плата заради усогласување со минимална плата | БОДОВИ |
|---|---|
| А4 - секретар од четврто ниво (секретар на општина) | 46 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво (раководител на сектор, главен инспектор) | 46 |
| Б4-раководен административен службеник од четврто ниво (раководител на одделение, виш инспектор) | 46 |
| В1-стручен административен службеник од прво ниво (советник, советник инспектор), | 48 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво (виш соработник, самостоен инспектор), Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 48 |
| В3 -стручен административен службеник од трето ниво (соработник, помошник инспектор) Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 48 |
| В4 -стручен административен службеник од четврто ниво (помлад соработник, помлад инспектор) Ниво на | |

| | |
|---|---|
| квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 49 |
| Г1 - самостоен референт Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 49 |
| Г1 - самостоен референт Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 9 |

**Член 25**

Основната бруто плата на вработените во Општина Велес од месец мај 2026 година се зголемува за 11%.

**Член 26**

Платите, надоместоците и додатоците на плати на вработените се обезбедуваат од буџетот на РСМ од буџетот на Општината и од други извори на средства утврдени со закон.

Синдикалниот претставник учествува во процесот на подготвување на буџетот на работодавачот.

Платите на вработените се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно најдоцна до 15-тиот ден во тековниот месец за претходниот месец.

Работодавачот е должен да води евиденција за платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персонален данок од доход.

**Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа**

**Член 27**

Вработени во општината имаат право на додаток на плата за:
- ноќна работа;
- работа во смени;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон;
- работа подолга од полното работно време(прекувремена работа)

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ зголемен за 35% од износот на основната плата по час.

Додатокот на плата за работа во смени по час се вреднува во износ зголемен за 5% од износот на основната плата пресметана по час.

Вработениот кој бил ангажиран да работи согласно со условите од став 1 алинеа 3 и 4 на овој член има право на додаток на плата зголемена за износ од 50% од износот на основната плата пресметана по час.

За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) вработениот има право на додаток на плата зголемена за износ од 35% од износот на основната плата пресметана по час.

Доколку вработениот го бара правото од ставот 1 алинеа 5 на овој член да не се исплати во пари, туку во слободни часови, тогаш има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

Слободните часови, односно денови од тековниот месец вработениот ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

**Надоместување на трошоци поврзани со работата**

**Член 28**

Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно општите прописи за работните односи и овој колективен договор, и тоа за:

- службено патување (патни, дневни и други трошоци за службени патувања во странство);
- смрт на вработениот или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак, родител, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување);
- штета при елементарни непогоди;
- трошок при подолго боледување на вработениот и
- регрес за годишен одмор.

Вработениот има право на отпремнина при одење во пензија, како и јубилејни награди.

**Дневница за службено патување во странство**

**Член 29**

(1) На вработениот му се надоместуват издатоците за службено патување во странство, согласно Уредбата за издатоците за службени патувања.
(2) Износот на дневницата за службено патување во странство се исплатува:

-50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на работодавачот;
-20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на работодавачот и
-5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на работодавачот, а престојот е над 30 дена.

(3) Под стручно оспособување и усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.
(4) Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува на следниот начин:

-една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
-половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

(5) Средствата за службено патување во странство треба да се предвидат во Буџетот на Општина Велес.

**Други трошоци поврзани со работата**

**Член 30**

Вработените во Општина велес имаат право на надоместување на следните трошоци :

-трошоци за одвоен живот од семејството – во висина од 60% од основицата на плата;

-трошоци за погреб во случај на смрт на вработен, или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак,родител, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) – во висина од 2 основици од плата;

-штета при елементарни непогоди – во висина од 2 основици од плата;

-трошок при подолго боледување на вработен подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата Република Северна Македонија исплатена во изминатата година.

-отпремнина (заминување во пензија)-во висина од 2 основици од плата;

Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата,преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година.

**Јубилејни награди**

**Член 31**

Вработените во Општината имаат право на јубилејни награди.

Јубилејните награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:

- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;

- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;
- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и
- 200 % од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.

Основица за пресметување на јубилејната награда, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во последните 12 месеци.

**Право на еднократен надоместок**

**Член 32**

Вработениот има право да добие еднократен надоместок, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Висината на еднократниот надоместок ја одредува работодавецот во зависност од расположливите средства во буџетот на Општината.

Работниците на кои во текот на календарската година им е изречена дисциплинска мерка немаат право на овој надоместок

Надоместокот работодавецот е должен да го исплати најдоцна до крајот на календарската година.

**Плата на приправник**

**Член 33**

За време на приправничкиот стаж на вработен во Општината, одреден со акт на работодавецот за работното место, му следува плата во износ од 80% од платата која би ја примил на работното место за кое се оспособува.

**Надоместок на плата за време на привремена неспособност за работа и подолго трајно боледување**

**Член 34**

Ако кај вработениот настапи привремена неспособност за работа, има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно закон, но не помалку од 70% од висината на платата која би ја примил доколку има полна работна способност.

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата исплатена во изминатата година.

Висината на надоместокот од ставовите 1 и 2 преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во изминатата година.

**Надоместок на плата за време на годишен одмор и специјализирана обука**

**Член 35**

За време на користење на годишен одмор, или специјализирана обука за стручно усовршување вработените имаат право на плата во висина што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

**Член 36**

На вработените им се исплаќа регрес за годишен одмор во висина од 40%- 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај работодавачот, а се исплаќа најдоцна до месец декември за тековната година.

**Член 37**

На вработените кои работеле над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувале од работа повеќе од 21 ден во текот на годината кај истиот работодавач во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор, работодавачот е должен да им исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката на крајот од тековната работна година.

**Член 38**

Работодавачот на вработените на крајот од тековната работна година може да им исплати и 13та плата доколку за тоа има утврдено средства во тековниот буџет.

Вработените на кои во календарската година им е изречена дисциплинска мерка немаат право на 13-та плата за таа година.

**Надомест на плата за време на суспензија**

**Член 39**

Вработен кој врз основа на решение е суспендиран од општината, за времетраењето на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

**Плата за време на штрајк**

**Член 40**

Вработените за време на штрајк имаат право на плата во висина од 80% од платата што ја примиле претходниот месец.

Доколку работодавачот на било кој начин го оневозможува правото на штрајк, вработените кои штрајкуваат имаат право на плата во висина од 100% од висината на платата која би ја добиле доколку не штрајкуваат.

## V. Информирање на вработените

**Член 41**

Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на вработените и на репрезенативниот синдикат за:

-покрената постапка за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работни места;

-решенија што влијаат на економската и социјалната положба на вработените;

-одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените;

-други прашања од заеднички интерес, согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.

Информирањето се врши писмено.

Начинот на информирањето се врши преку истакнување на огласна табла и по електронски пат.

За сите прашања наведени во ставот 1 на овој член работодавачот е должен да го извести претставникот на репрезентативниот синдикат по писмен пат.

## VI. Услови за работа и делување на синдикалната организација

**Член 42**

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на Синдикалната организација при Единици на локална самоуправа Велес, односно синдикалната организација членка на УПОЗ (во понатамошниот текст Синдикатот или Синдикалната организација) во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон,овој или друг колективен договор.

**Член 43**

На барање на Синдикатот, работодавачот доставува податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на членовите на синдикатот (вработените) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на вработените.

**Член 44**

На претседателот на Синдикалната организација и на неговиот заменик им се овозможува непречено комуницирање со одговорното лице на општината.

Синдикатот изготвува список на синдикални претставници - членови на Извршниот одбор на Синдикалната организација и именуваните претставници и го доставува до одговорното лице на општината, односно до соодветната организациона единица.

**Член 45**

На барање на Синдикатот, работодавачот на претседателот на Синдикалната организација и на неговиот заменик им овозможува и обезбедува, стручни, административни и технички услови за работа заради остварување на синдикалните активности.

Работодавачот им овозможува на синдикалните членови користење на салите за состаноци заради одржување на состаноци на Синдикатот кои по правило се одржуваат кон крајот на работното време, со претходна најава до одговорното лице на Општината за истиот ден но не повеќе од два дена од денот на доставување на барањето.

За редовно остварување на синдикалните активности на претседателот на синдикалната организација, неговиот заменик и членовите на Извршниот одбор на Синдикалната организација да им се обезбедат и следните материјално-технички услови:
- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци и
- други услови неопходни за функционирање на Синдикалната организација.

Доколку постојат финансиски можности и кога општината од сопствени примања има паричен приход, може од приходот да издвои средства како финансиска поддршка за синдикални потреби и активности по претходно доставено барање.

**Член 46**

Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира синдикатот.

Работодавачот и синдикатот можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот 1 од овој член.

**Член 47**

Работодавачот е должен за Синдикатот да обезбеди пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од Синдикатот за висината на членарината.Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.

Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на Синдикатот (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку Синдикатот).

Членарината од членовите на Синдикалната организација се исплаќа на сметката на Синдикатот на УПОЗ кој потоа ја распределува согласно Статутот и другите акти на Синдикатот.

Вработениот при стапување во Синдикатот потпишува пристапница.

Стручната служба на Синдикатот на УПОЗ по добиената пристапница од Претседателот на Синдикалната организација ја известува службата за финасиско-сметководствени работи која е должна да ја пресметува и уплатува членарината.

Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на Синдикатот на УПОЗ уредно и навремено достават пристапница и одлуката од став 1 на овој член.

Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од Синдикатот УПОЗ.

Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

**Член 48**

Членот на синдикатот кој користел средства од солидарниот фонд или било која погодност или бенефиција од синдикатот, не може да истапи се до моментот на конечната исплата на неповратните средствата односно се до конечната исплата на средствата доколку користел позајмица.

Членот не може да истапи од синдикатот и во случаи кога користел право од овој колективен договор потпишан од синдикатот или право од работен однос регулирано со документ (спогодба, договор и слично), ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дициплински постапки и други правни постапки во кои членот бил застапуван од синдикатот.

Доколку членот користел права од ставовите 1 и 2 од овој член не може да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување.

**Член 49**

Претседателот на Синдикалната организација при Единицата на локална самоуправа Велес, членка на УПОЗ, неговиот заменик и членовите на органите на синдикална организација имаат право на посебна заштита утврдена со ЗРО и колективните договори.

На лицата од ставот 1 на овој член, работодавачот треба да им овозможи несметано ангажирање за ефикасно вршење на функциите на синдикатот, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски натпревари и други синдикални активности согласно Статутот и програмата за работа со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности и тоа:

- за претседателот и потпретседателот на Синдикалната организација до 48 часа месечно;
- за членови на синдикалните органи и тела до 32 часа месечно.

По предлог на Синдикатот и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго од 12 часа месечно.

**Член 50**

Членовите на Синдикатот кои учествуваат во синдикални спортски игри, натпревари и семинари се ослободуваат од вршење на редовните работни задачи за време на одржување на активностите од овој член, а за времето за кое се отсутни од работното место, се смета дека се на платено отсуство.

**<u>VII. Остварување на правото на штрајк</u>**

**Член 51**

Правото на штрајк вработените во општината го остваруваат во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, други закони, актите на Синдикатот и овој Колективен договор.

Штрајкот мора да биде писмено најавен кај работодавачот.

Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да бидат наведени причините за штрајкот, местото на одржување на штрајкот, времетраењето, денот и времето на почетокот на штрајкот.

**Член 52**

За време на штрајк вработените во Општината имаат право на плата согласно членот 39 од овој Колективен договор.

За време на штрајк, работодавачот е должен на вработените во општината да им уплаќа придонеси на плата утврдени со посебните прописи и овој колективен договор кои му припаѓаат на вработениот за време на штрајк, доколку штрајкот е организиран согласно Законот и правилата на Синдикатот.

Вработените кои учествуваат во штрајк, не смеат да бидат ставени во понеповолна положба од другите вработени, поради нивното учество во штрајк.

Работодавачот во ниту еден случај и по ниту еден основ не може да го ограничи правото на штрајк, директно или индиректно да влијае на волјата на вработените, ниту пак преку други лица да презема активности за спречување на штрајкот.

Доколку веќе започнатиот штрајк се прогласи за незаконски, работодавачот не смее да даде откази на ниту еден вработен по основ на учество во штрајкот.

**Член 53**

Пред започнување на штрајк, страните се должни да отпочнат постапка на мирење најдоцна 10 дена пред започнување на штрајкот.

Страните во постапката за мирење учествуваат со добра волја и преземаат дејствија за надминување на причините за штрајк.

Постапката за мирење трае до 10 дена.

Доколку во постапката за мирење не е постигнат договор по прашањата кои се причина за штрајкот, штрајкот може да започне.

Доколку во постапката за мирење се постигне договор меѓу страните, се склучува спогодба меѓу страните, со чие потпишување најавата за штрајк се повлекува.

Постапката за мирење се води согласно Законот за мирно решавање на работните спорови.

**Член 54**

Организаторот на штрајкот за времетраењето на веќе започнат штрајк, може истовремено да преговара со одговорното лице на општината или работодавецот за решавање на спорните прашања кои се причина за штрајкот.

## VIII. Одговорност за вршење на работите и работните задачи

**Член 55**

Вработените во Општината се лично одговорни за вршењето на работите и работните задачи на работното место.

Одговорноста на вработените од ставот 1 на овој член може да биде дисциплинска и/или материјална.

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува диисциплинската одговорност на вработениот.

Дисциплинска и/или материјална одговорност на вработените во општината се утврдува со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, Законот за локалната самоправа, Законот за прекршоци, како и општите прописи за работни односи.

## IX. Изменување, дополнување, толкување и следење на примената на колективниот договор

**Член 56**

Страните на овој колективен договор и вработените на кои се применува, се должни да ги извршуваат неговите одредби.

Заради повреда на обврските од овој колективен договор, оштетената страна или вработен на кој тој се применува може да бара надомест за претрпена штета.

Секоја страна потписник на овој колективен договор може да предложи измена и дополнување на овој колективен договор.

Предлогот за измена и дополнување се доставува во писмена форма до другиот учесник кој е должен да се изјасни во рок од 15 дена.

Во случај ако другата страна не го прифати предлогот за изменување и дополнување или не се изјасни по истиот во дадениот рок од став 4 на овој член, страната предлагач може да започне постапка за усогласување пред арбитражниот совет.

**Член 57**

За следење на примената и за давање толкување на одредбите на овој колективен договор учесниците формираат комисија за следење и толкување.

Секој од учесниците на овој Колективен договор именува по два члена во комисијата, во рок од 15 дена од склучувањето на овој колективен договор.

**XIV. Преодни и завршни одредби**

**Член 58**

Овој Колективен договор се склучува на определено време за период од 3 години со можност за продолжување со писмена спогодба на страните на договорот.

Овој Колективен договор може да продолжи да важи ако страните во договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена Спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој колективен договор

Доколку не дојде до продолжување на овој колективен договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов или негово продолжување.

**Член 59**

Со влегување во сила на овој колктивен договор, престануваат да важат Колективниот договор на вработените на Општина Велес бр. 08-177/1 од 12.01.2022 година, Договор за измени на колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/2 од 31.03.2022 година и Договор за измени на колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/3 од 25.11.2022 година.

**Член 60**

Овој Колективен договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на Web Страната на работодавачот и службено гласило на општината.

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето.

Работодавачот односно Синдикатот имаат обврска на секој вработен да му овозможат увид на овој колективен договор.

Овој колективен договор се евидентира кај договорните страни кои се негови потписници.

| Синдикална организација при Општина Велес | Синдикат на УПОЗ | Општина Велес |
|---|---|---|
| Претседател | Претседател | Градоначалник |
| Магдалена Спасева | Трпе Деаноски | Марко Колев |

**Бр.193**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 25-2292/1
08.05. 2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 50 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 3 од Одлуката за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/26), Градоначалникот на Општина Велес, донесе

ПРАВИЛНИК
за утврдување на условите, начинот и постапката за субвенционирање
на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во Општина Велес, со цел поттикнување на развој, промоција и унапредување на занаетчиството преку зачувување на автентичното занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и уметчичко занаетчиство.

Член 2

(1) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес согласно овој Правилник, имаат вршителите на занаетчиска дејност кои се определени како дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, и тоа: грнчари, ковачи, опинчари, јажари, крзнари, шапкари, свеќари, венци, корпари, копчари, кујунџии, каменорезачи, клучари, саатчии, ткајачи, кондураџии, фурнаџии - фурна на дрва, рачна изработка на сита, изработка на филигран, накит и слични производи, производство на музички инструменти, резба на дрво и бакар, пирографија, изработка на народни носии, домашна ракотворба, ракотворби - изработка на сувенири и производство од хартија.

(2) Вршителите на занаетчиска дејност од став (1) на овој член, треба да се запишани во Занаетчискиот регистар како физички лица – занаетчии, со живеалиште во Општина Велес или правно лице - трговец поединец друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице кое врши занаетчиска дејност, со регистрирано седиште во Општина Велес, во трговскиот регистар кој го води Централниот регистар на Република Македонија.

Член 3

Финансиските средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, се обезбедени од Буџетот на Општина Велес во тековната година од Програма за активностите на Општина Велес

во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, Програма Г1 - Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци, ставка 464, конто 464990.

II. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 4

(1) Право на користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, ќе им се утврди на баратерлите кои ги исполнат следните услови, и тоа:

- да се регистрирани како вршители на занаетчиска дејност согласно Закон за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр.215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/2021);
- да имаат занетчиска дозвола;
- да се жители односно да имаат регистрирано седиште (во трговскиот рагистар на Централниот регистар на Република Македонија) во Општина Велес;
- да се определени како дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес согласно Одлуката за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр.4/26) и
- да ги имаат подмирено своите обврските кон Општина Велес (комунална такаса - фирмарина и данокот на имот доколку дуќанот е во сопственост на подносителот на барањето), за претходните две години.

Член 5

(1) Постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, ќе се спроведе со јавен повик објавен од Општина Велес.

(2) Јавниот повик за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, треба да ги содржи следните податоци:

- датум на објава на јавниот повик;
- предмет на јавниот повик;
- вкупниот износ на финансиските средства за субвенционирање;
- право на учество на јавниот повик;
- потребни документи за пријавување и
- начин и рок на доставување и разгледување на барањата.

(3) Јавниот повик ќе трае 30 дена од денот на објавувањето.

(4) Јавниот повик ќе биде објавен на официјалната веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Член 6

(1) Барањето за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, заедно со пропратната документација треба да се достави во затворен плик, во архивата на Општина Велес секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот или преку пошта, на адресата на општината ул. „Панко Брашнар" бр.1, 1400 Велес.

(2) На предната страна на пликот треба да стои назнака: „Јавен повик за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес". На задната страна на пликот треба да стои: име и презиме/назив и живеалиште/седиште на занаетчијата/вршителот на занаетчиската дејност.

(3) На барателот со доставувањето на пликот ќе му биде издаден архивски број со датум на извршената достава во архивата.

(4) Примерок од Барањето за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес (Образец 1), може да се подигне во архивата на Општина Велес или да се обезбеди од веб страната на Општина Велес.

Член 7

(1) Барателот кон барањето за субвенција треба да ја достави и следната документација како доказ за исполнување на условите утврдени со членот 4 од овој Правилник, и тоа:

- Копија од Решение за упис во Занаетчискиот регистар;
- Копија од занаетчиска дозвола;
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 месеца;
- Копија од лична карта и
- Копија од жиро сметка/трансакциска сметка на барателот.

(2) Податоци за подмирени обврски на барателите кон Општина Велес, за комунална такаса - фирмарина и за данок на имот (доколку дуќанот е во сопственост на барателот), за претходните две години, ќе бидат обезбедени од Комисијата надлежна за спроведување на јавниот повик.

(3) Со поднесување на барањето, барателот треба да потпише и изјава за согласност за користење на неговите лични податоци, во постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес.

Член 8

(1) Барателите како вршители на занаетчиска дејност на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, може да поднесат само едно барање за субвенционирање по јавниот повик.

(2) Општина Велес преку Одделението за евроинтеграции и локален економски развој води евиденција на баратели кои имаат поднесено барање, како и евиденција на корисници на поединечна субвенција, за тековната година.

Член 9

(1) За утврдување на исполнување на условите за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, Градоначалникот на Општина Велес формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, во состав од претседател и четири члена (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата од став (1) на овој член, ја спроведува постапката и врши работи поврзани со јавниот повик, утврдува кои баратели ги исполнуваат условите за стекнување на правото на поединечна субвенција и доставува предлог до Градоначалникот, за одобрување на барањата на барателите кои ги исполнуваат условите односно за одбивање на барањата на барателите кои не ги исполнуваат условите согласно Правилникот.

Член 10

(1) По завршувањето на јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува седница на која се разгледуваат барањата, со прилог доставената документација.

(2) За текот на седницата на Комисијата, се води Записник.

(3) Во Записникот на Комисијата се констатира дали барањата се комплетни, навремени и дали барателот ги исполнува условите од член 4 од Правилникот.

(4) Комисијата нема да ги разгледува барањата со непотполна документација или поднесени по истекот на предвидениот рок.

(5) За барањата кои се комплатни, навремени и ги исполнуваат условите утврдени во член 4 од Правилникот, Комисијата дава предлог до Градоначалникот, за нивно одобрување.

(6) За барањата кои не ги исполнуваат условите утврдени во член 4 од Правилникот, Комисијата дава предлог до Градоначалникот, за нивно одбивање.

(7) Предлогот за одобрување на барањата и Предлогот за одбивање на барањата, се потпишува од страна на Претседателот и членовите кои учествувале во работата на Комисијата, и истите треба да се доставaт до Градоначалникот на Општина Велес, во рок од 20 дена од денот на завршувањето на јавниот повик.

Член 11

(1) Градоначалникот на Општина Велес, согласно предлогот од член 10 став (5) од овој Правилник, донесува Решение за утврдување на правото на субвенција и ја објавува листата на корисници, во рок од 5 дена од денот на доставување на предлогот од страна на Комисијата.

(2) Градоначалникот на Општина Велес, согласно предлогот од член 10 став (6) од овој Правилник, донесува Решение со кое ги одбива барањата на барателите кои не ги исполнуваат условите, во рок од 5 дена од денот на доставување на предлогот од страна на Комисијата.

Член 12

(1) Средствата предвидени за оваа намена ќе се распределуваат по принципот на пропорционалност, на начин што вкупниот износ ќе се подели подеднакво меѓу сите баратели кои ги исполнуваат условите од јавниот повик. Максималниот износ на поединечната субвенција не може да надмине износ од 15.000,00 денари по корисник, со вклучен персонален данок на доход.

(2) Субвенцијата се исплаќа во денари, на сметката на барателите.

(3) Уплатата на персоналниот данок на доход ќе ја изврши општината, а неговиот износ ќе се одбие од износот на доделената поединечна субвенција на барателите.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со ден од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Градоначалник
на Општина Велес,
Марко Колев

## Бр.194

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Одделение за инспекциски надзор**
**Градежна инспекција**
**ИП1бр. 17-40**
**од 07.05.2026 година**

Градежната инспекција во Одделението за инспекциски надзор при Општина Велес преку Томислав Босилков со службена легитимација број 05-0003 и Лидија Ѓурова со службена легитимација број 05-0007 изрекува наредба, врз основа на член 134 став 1 алинеа 1 и член 137 став (1) и став (3) од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, ... и 168/2018 и „Службен весник на РСМ“ број бр. 244/19,.... и 269/25), во врска со извршен вонреден инспекциски надзор над субјект НН, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник број ИП1 бр. 17-40 од 29.04.2026 година изрече инспекциски акт:

**РЕШЕНИЕ**

1.Се **НАРЕДУВА** на инвеститорот НН, да ги отстрани недостатоците и неправилностите утврдени во Записник ИП1 бр.17-40 од 29.04.2026 година и тоа:

1.1. Да ја **ОТСТРАНИ** градбата на Трафостаница на КП 16590/1 КО Велес во фаза на бетонирана подлога со димензии во основа 5,5м x 5,5м и врз неа вградена трафостаница, заедно со изградената метална ограда без одобрение за градење, утврдено во записник број ИП1 бр. 17-40 од 29.04.2026 година.

2. Рокот на извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1.1 на ова Решение е 3 (три) дена по приемот на решението.

3. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

**Образложение**

Градежната инспекција во Одделението за инспекциски надзор при Општина Велес врз основа на член 128 став (1) и став (2) од Законот за градење, („Службен весник на РМ“ бр.130/09, ... и 168/2018 и „Службен весник на РСМ“ број бр. 244/19,.... и 269/25), преку Томислав Босилков со службана легитимација бр. 05-0003 и Лидија Ѓурова со службена легитимација бр. 05-0007, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор НН, состави Записник број ИП1бр.17-40 од 29.04.2026 година, во кој е констатирано:

Овластен градежен инспектор излезе на лице место на КП 16590/1 КО Велес по пријава и на посоченото место констатира градба на трафостаница. Градбата е во фаза на бетонирана

подлога со димензии во основа 5,5м х 5,5м и врз неа вградена трафостаница. Околу трафостаницата има изградено метална ограда. Трафостаницата е изградена на КП 16590/1 КО Велес од НН. без Одобрение за градење издадено од соодветен надлежен орган во Општина Велес, заведено во дневник за вршење на инспекциска надзор под реден број 40.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува да се отстрани градбата на трафостаница, што се прави без одобрение за градење согласно член 137 став 5 од Законот за градење не го одлага неговото извршување.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градење (Службен весник на РМ број 130 од 28.10.2009 год) ) согласно член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење, се донесе решение како во диспозитивот.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување.

Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекцискиот надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на ова решение.

Жалбата се таксира со уплата на 250,00 денари на трезорска сметка на НБРМ бр. 100000000063095, упл.с/ка 840-111-03182, цел на дознака Административни Такси, прих. шифра 722 315 00.

Таксата е пресметана по член 37, тарифен број 2 од Законот за административни такси.

Општина Велес
Овластен градежен инспектор
Томислав Босилков

М.П.

Лидија Ѓурова

**Бр.195**

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
ИП1 бр.17-40
27.05.2026 година

**ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15) Општина Велес врши јавна достава на Решение ИП1 бр17-40 од 07.05.2026 година со кое се наредува на Непознат субјект да ја отстрани градбата на Трафостаница на КП 16590/1 КО Велес во фаза на бетонирана подлога со димензии во основа 5,5м х 5,5м и врз неа вградена трафостаница, заедно со изградената метална ограда без одобрение за градење, утврдено во записник број ИП1 бр. 17-40 од 29.04.2026 година.

Се повикува непознатиот инвеститор на кој се однесува Решението ИП1 бр.17-40 од 07.05.2026 година, донесено од овластен градежен инспектор при Општина Велес, по истекот на три дена од датумот на објава во Службено гласило на Општината и во дневниот печат, односно во рокот наведен во решението да ја отстрани градбата на Трафостаница на КП 16590/1 КО Велес.

Доставата на Решението кое се однесува на непознатиот инвеститор, ќе се смета дека е извршена по истекот на 7 (седум) дена од датумот на објавата по пат на службено објавување во Службеното гласило на Општината и во дневниот печат.

Против Решението, незадоволната странка има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Изјавената жалба против Решението, согласно член 137 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, ... и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3,25, 17/25, 87/25, 101/25,101/25, 250/25 и 269/25), не го одлага извршувањето на решението.

Се предупредува непознатиот инвеститор дека ваквиот начин на јавна достава се смета за уреден и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на Решението на кое се однесува објавата, ги сноси самата странка. Со јавната објава во Службеното гласило на Општината и во дневниот печат се смета дека непознатиот инвеститор е уредно известен за Решението ИП1 бр.17-40 од 07.05.2026 година, издадено од овластен градежен инспектор на Општина Велес.

Се повикува странката (непознат инвеститор) уредно известена за писменото - Решение ИП1 бр.17-40 од 07.05.2026 година, во рок од 8 дена од последното објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и дневен печат, да се јави во просториите на Општина Велес со цел да го подигне управниот акт од Јавната објава.

Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС